На 20 март 2014 година во ЕУ Инфо центарот во Скопје беше промовиран [Извештајот за овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор во Македонија] за периодот од 2010 до 2013 година. Емина Нурединоска даде општ осврт на околината за развој на граѓанскиот сектор во Македонија, а Симона Огненовска ги презентираше главните наоди.



Извештајот констатира дека Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) е многу добра основа за  слободата на здружување. Сепак, поради неусвоените подзаконски акти и неизменетите даночни закони тој не е целост функционален. Правната рамка за слободата на собирање е во линија со најдобрите меѓународни стандарди, но забележани се дневнополитички злоупотреби и изолирани случаи на ограничување на мирните собири.

Граѓанските организации немаат значителни даночни олеснувања, а за индивидуалните давања се речиси нефункционални. Државното финансирање не е доволно развиено и не претставува значителен извор за одржливоста на ГО.

Солидно поставената институционална рамка и политиката за граѓански дијалог не се целосно функционални и не се спроведуваат доследно. Основи за давање  услуги од страна на организациите постојат, но истите се ограничени пред се на услуги од областа на социјалната заштита.

Јаромир Левичек од Делегацијата на Европската Унија (ЕУ) се осврна на политиките на ЕУ за развој на граѓанскиот сектор, со фокус на Насоките за поддршка на ЕУ за граѓанското општество (2014-2020) развиени од Генералниот директорат за проширување. Регионален осврт на  околина во која делува граѓанскиот сектор во

останатите земји каде се спроведува истражувањето даде Тања Хафнер Адеми од БЦСДН.



Повеќе од  40 претставници на граѓански организации, на државни службеници, на странски и на меѓународни организации дебатираа за наодите од Извештајот. Тие ја поздравија сеопфатноста и иновативноста на ваквиот пристап на следење, и дадоа препораки за можно подобрување и проширување во иднина. Извештајот го подготви МЦМС и е прв од ваков вид во Македонија. Во следните четири години ќе се подготвува на годишно ниво, како дел од серијата национални извештаи од осум земји во Западен Балкан  и во Турција.

Настанот беше организиран во рамки на проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на  граѓанските организации за застапување и лобирање“ финансиран од Европската Унија. Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА).